# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ESG ПРАКТИКИ

Известувањето за прашањата поврзани со ESG практиките на Прилепска пиварница ад Прилеп е интегрирано во годишниот извештај за работењето на друштвото. Во текот на 2022 година Прилепска пиварница ад Прилеп продолжи да ги извршува своите активности посветувајќи особено внимание на практиките поврзани со заштитата на животната средина, општествените прашања и доброто корпоративно управување.

Друштвото донесе општи акти кои се во согласност со објавениот Водич за ESG известување на котираните друштва на Македонската берза[1], како и во согласност со Законот за трговските друштва и соодветната подзаконска регулатива. Во актите се дефинирани целите и принципите за одржливост кои Прилепска пиварница ад Прилеп ќе се стреми да ги оствари на долг рок, поставеноста на ESG ризиците, поставеноста на надлежностите во врска со ESG практиките и основните принципи на транспарентност.

## Прашања поврзани со животната средина

Прилепска пиварница ад Прилеп се залага за одржлив развој, темелен на ефикасност и сигурност при вршењето на деловните активности, во целост почитувајќи ги целите за заштита на животната средина и правата на засегнатите страни. Друштвото имплементира вредности што ќе придонесат за подобро и поуспешно водење на бизнисот и истовремено градење на односи на доверба и грижа за интересите на акционерите, засегнатите лица и пошироката заедница.

Прилепска пиварница ад Прилеп на ден 18.10.2021 година усвои **Политика за заштита на животна средина и прашања од општествен интерес**. Прилепска пиварница а.д. Прилеп, заедно со Кодексот на професионално и етичко однесување и другите општи акти, со политиката ја нагласува обврската на Прилепска пиварница а.д. Прилеп да дејствува етички и одговорно во сите деловни активности, обезбедувајќи јасна рамка која ќе ги минимизира негативните влијанија врз животната средина и ќе се стреми кон зачувување на здрава животна средина и спречување на негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето и ќе ги објасни основните начела кои мора да се следат во врска прашањата од општествен интерес. Политиката е јавно објавена на корпоратвната веб страница.

Прилепска пиварница ад Прилеп има **Б-интегрирана еколошка дозвола** бр. 09-49/2 од 12.05.2017 година. Компанијата редовно ги извршува годишните обврски по дозволата вклучително и вршење мониторинг на отпадни води, мониторинг на пм честички, мониторинг на емисии на бучава и емисии на загадувачки супстанци во отпадни гасови од работата на котлите. Во 2022 година по извршените мерења не се констатирани никакви отстапувања во вредностите. Прилепска пиварница ад Прилеп силно внимание посветува и на третманот на отпадните води со цел испуштање на водите на ниво кое е одржливо за живиот свет преку користење на услугите од пречистителната станица на општина Прилеп. Пречистителна станица е изградена за да се исполни основната цел односно пречистување на урбаните и индустриските отпадни води во град Прилеп. Отпадна вода (инфлуентот) се пречистува со соодветни физички, хемиски и биолошки третмани. На крајот на процесот излезната вода (ефлуентот) по квалитет ги задоволува карактеристиките пропишани со законската регулатива на Република Македонија, а кои се во усогласеност со најстрогите ЕУ Директиви за третман на урбани отпадни води (91/271/ЕЕЦ). Прилепска пиварница ад Прилеп со ЈКП Водовод Прилеп има склучено

[1] https://www.mse.mk/mk/content/31/1/2022/esg-reporting-guide

Договор за уништување на отпадна течност (пиво со изминат рок на траење), но во 2022 година не се користени услугите од пречиститечната станица по тој основ. Покрај континуираното исполнување на обврските по Б-интегрираната еколошка дозвола Прилепска пиварница ад Прилеп се грижи и за редовно продолжување на дозволите за користење на вода од бунарите кои ги користи, како и за рационално користење на водата како ресурс и намалување на количеството на употребена вода по единица производ за што има континуиран напредок. Во апсолутен износ, во 2022 година споредено со 2021 година, заштедена е вода во количина од околу 34.000 м3.

Во 2022 година Прилепска пиварница ад Прилеп донесе и **Програма за управување со отпад за периодот од 2022 до 2025 година**. Програмата за управување со отпад за Прилепска пиварница ад Прилеп Прилеп е изработена од Матески Александар, вработен во компанија кој извршува работни задачи и како **управител со отпад** со Уверение за положен стручен испит за вршење на работите за управување и/или постапување со отпад издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Македонија на ден 26.02.2014 година под архивски број 11-63/31. Управителот со отпад како стручно оспособено лице за управување со отпад е со одговорности да ја изработи и да се грижи за спроведување на програмата за управување со отпадот, ја следи тековната состојба во управувањето со отпадот, презема активности и мерки за намалување на создадениот отпад, се грижи за спроведување и примена на постапките за управување со отпадот во согласност со законската рамка, води евиденција и изготвува извештаи согласно со прописите за управување со отпад, изготвува извештаи за несреќи или хаварии кои можат да настанат при управувањето со отпадот, го контролира создавањето на отпадот во технолошките процеси, ги информира одговорните органи, односно одговорните лица во правното лице за можното загрозувања на животната средина, животот и здравјето на луѓето што е резултат на производството, третманот, преработката и отстранувањето на отпадот и предлага конкретни решенија и ги контролира видот и количеството на отпадот што се создава, преработува и се отстранува, како и на секундарната суровина. Прилепска пиварница ад Прилеп со спроведување на програмата преку континуирано следење и унапредување на управувањето со пакување и отпад од пакување посветено работи на: избегнување и во најголема можна мера намалување на количеството на создадениот отпад, искористување на употребливите состојки на отпадот, одржлив развој преку зачувување и заштеда на природните ресурси, спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето во согласност со принципите на циркуларната економија, отстранување на отпадот на начин што е прифатлив за животната средина и висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето. Прилепска пиварница ад Прилеп има активно учество и како основач во првиот колективен постапувач со отпад од пакување Пакомак ДОО Скопје. Претставник на друштвото е Управителот со отпад кој од 2022 година е избран и за Претседател на Надзорниот одбор. Грижата се однесува и на исполнување на националните цели и учество во кампањи за подигнување на јавната свест за ефикасно управување со отпадот и отпадот од пакување. Во 2022 година беа направени повеќе надзори над управувањето со отпад во компанијата од страна на надлежните инспекциски органи при што не беа детектирани неусогласености во работењето. Дополнително друштвото презеде активности за подобро менаџирање со отпадот, намалување на количините отпад и редуцирање на трошоците.

Прилепска пиварница ад Прилеп работи **континуирано на подобрување на енергетската ефикасност на друштвото и намалување на користењето енергија во оперативните активности преку воведување на енергетско ефикасни технологии, опрема и материјали кои ќе овозможат заштеда на енергија**. Друштвото е посветено и кон користење на енергија од обновливи извори. За таа цел во 2022 година компанијата пристапи кон инвестирање во фотоволтаична централа за производство на електрична

енергија за свои потреби. Очекуваниот ефект од инвестицијата е покривање на 35% од вкупната годишна количина на потрошена електрична енергија на компанијата. Во таа насока друштвото склучи и договор за набавка на опрема за мерење и мониторинг на потрошувачката на електрична енергија за потребите на Прилепска пиварница ад Прилеп, со што се очекува дополнително подобрување во енергетската ефикасност.

## Човечки капитал и прашања од општествен интерес

Прилепска пиварница ад Прилеп во континуитет презема активности за стручно оспособување на вработените. Професионалното усовршување и едукација на вработените се реализира преку активно учество на екстерни обуки во земјата и во странство, спроведување интерни обуки за вработените, како и овозможување практична настава за средношколци и студенти. Со состојба 31.12.2022 година во Прилепска пиварница ад Прилеп се вработени вкупно 246 лица од кои 211 мажи и 35 жени. Според Меѓународната стандардна класификација на образованието МСКОБ 2011 образовната структура на вработените е следна: 8 вработени се со степен II, 16 вработени со степен III, 151 вработен со степен IV, 13 вработени со степен V, 52 вработени со степен VI, 5 вработени со степен VII и 1 вработен со степен VIII.

И во 2022 година Прилепска пиварница ад Прилеп продолжи да биди активен подржувач и спонзор на најзначајните настани од областа на културата и спортот. Така, го спонзорираше ОФФ-Фест и Џез Фестивал како генерален спонзор. Како спонзор традиционално го помогна и Македонскиот театарски фестивал Војдан Чернодрински во Прилеп и Фудбалскиот клуб Победа од Прилеп. Прилепска пиварница ад Прилеп ги подржа и концертот на групата „Меморија“ а беше присутна и на Пивофест Прилеп и Пиволенд Скопје и многу други настани.

Во акцијата спроведена за подигнување на свесноста за машкото здравје, донира опрема на ЈЗУ Универзитетска клиника за Урологија - Примател на донацијата, клиника од терциерна дејност која работи за потребите на пациентите од цела Македонија. Медицинската опрема во согласност со потребите на клиниката беше во вкупна вредност од 400.000 денари.

Како општествено одговорна компанија, Прилепска пиварница ад Прилеп продолжува да ги поддржува младите и талентирани студенти преку доделување на стипендии, практична работа во реномирана домашна компанија и можност за вработување. Прилепска пиварница ад Прилеп додели и стипендии за студентите од Економски факултет – Прилеп.

Друштвото по четврти пат ги претстави своите лименки Златен даб во уметнички дизајни, на тој начин поддржувајќи ги уметниците и домашната арт сцена. Зад најновите дизајни, во 2022 година стојат истакнатите македонски уметници Елена Чемерска, Никола Радуловиќ, Руки Чуки и Ване Костуранов.

## Деловна етика, добро корпоративно управување и односи со засегнати страни

Прилепска пиварница ад Прилеп посветено работи на придржување кон доброто корпоративно управување и високите етички стандарди во своето деловно работење. Како акционерско друштво котирано на Македонската берза во сегментот на задолжителна котација Прилепска пиварница ад Прилеп го применува **Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва на Македонска берза ад Скопје** објавен на

Интернет страницата на Берзата[2]. Прилепска пиварница ад Прилеп ги применува принципите и најдобрите практики на корпоративно управување предвидени со кодексот според принципот „примени или појасни зошто не си применил“ преку пополнување на прашалници чија содржина е пропишана со кодексот.

Во октомври 2020 година Прилепска пиварница ад Прилеп усвои **Кодекс на професионално и етичко однесување**. Со склучување на договор за вработување секој вработен добива примерок од кодексот, се запознава со содржината и потпишува изјава дека во целост е запознат со содржината на Кодексот на професионално и етичко однесување од Прилепска пиварница А.Д. Прилеп и со правата и обврските кои произлегуваат од него, како и дека доследно ќе ги почитува и применува принципите и правилата содржани во Кодексот. Кодексот е на 33 страници, систематизиран во повеќе глави (Нашиот кодекс на професионално и етичко однесување, Почитување на работното место, Интегритет на нашиот пазар, Нашата деловна етика, Одговорност кон нашите акционери и Спроведување на кодексот). Кодексот е јавно објавен и на корпоративната страница од Прилепска пиварница ад Прилеп.

Друштвото има донесено и **Правилник за заштитено пријавување во Прилепска пиварница ад Прилеп** кој е јавно објавен на корпоративната веб страница. Правилникот воспоставува процедури за постапување по пријави од укажувачи во случај на разумно сомневање или сознание за извршено казниво, неетичко или друго недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес. Друштвото назначи и овластени лица кај кои се врши пријавување преку лична достава, електронска пошта, сандаче за поплаки и предлози или усно на записник. Со постапката се обезбедува укажувачите да не трпат негативни последици доколку пријават сомневање за прекршување. Во текот на 2022 година не се примени пријави за казниво, неетичко или друго недозволиво постапување.

Во јануари 2021 година Управниот одбор на Прилепска пиварница ад Прилеп донесе и **Политика против корупција** чија главна цел е да обезбеди јасна рамка која: забранува подмитување во јавен сектор и комерцијално подмитување, ги објаснува правилата кои мора да се следат во врска со подароци, оброци, патувања и забава во врска со службените лица и клиенти, добавувачите и останатите трети страни, како и ја нагласува важноста од водење и одржување на точни деловни книги и евиденција на сите трансакции поврзани со Прилепска пиварница А.Д. Прилеп. На истата седница од Управниот одбор беше донесен и **Кодекс на однесување на добавувачи**. Кодексот на однесување на добавувачи се темели на верувањето во Прилепска пиварница АД Прилеп дека етиката и одговорноста се вистинскиот и единствен начин на водење бизнис. Кодексот на однесување на добавувачите ги поставува очекувањата за добавувачите, вклучувајќи ги областите на деловниот интегритет и антикорупција, работни практики, здравје и безбедност и управување со животната средина. Кодексот на однесување на добавувачите има за цел зацврстување и развивање на односите со добавувачите, темелени на нашето убедување дека доброто корпоративно управување е срџта за долгорочен деловен успех и истото мора да биде соодветно рефлектирано и во односите со вработени, нашиот однос кон пазарот, животната средина и пошироката заедница.

Согласно **Законот за заштита на личните податоци** („Службен весник на Република Македонија” бр.42/2020) и подзаконските акти, Пиварницата како контролор донесе акти за имплементација на законските обврски. Друштвото во целост го усогласи своето работење во врска заштитата на личните податоци. Покрај донесените правилници и политики донесена е и одлука за избор на Офицер за заштита на лични податоци.

Во интерес на долгорочната одржливост на друштвото, како и со оглед на влијанието на друштвото врз животната средина и општеството, друштвото одржува

---

[2] https://www.mse.mk/mk/content/14/10/2021/corporate-governance-code

редовна комуникација со **засегнатите лица** (вработени во друштвото, акционери, потенцијалните инвеститори, клиенти, добавувачи, државни органи и локални заедници). По потреба засегнатите лица навремено се вклучуваат при донесување на одлуки во поглед на инвестиции и нивното влијание врз вработените и животната средина. Транспарентно комуницирање со засегнатите страни се одвива вклучително и на состаноци, форуми, објави на веб страница, годишни извештаи и слично. Друштвото се грижи вработените и другите засегнати лица да бидат информирани и свесни за своите обврски за безбедноста, сигурноста на средината, како и заштитата на животната средина. Корпоративниот секретар води сметка надзорниот и управниот одбор да бидат информирани за сите релевантни измени во важечката законска и подзаконска регулатива во врска правата на засегнатите лица и прашањата од областа на животната средина. Надзорниот одбор на Прилепска пиварница ад Прилеп на ден 11.12.2020 година со одлука бр. 02-1346/2 за **лице одговорно за односи со инвеститори** во Прилепска пиварница ад Прилеп го назначи Сашко Самарџиоски, Генерален директор. Одлуката беше објавена и на СЕИ Нет (https://seinet.com.mk/Default.aspx?docID=53029). Во текот на 2022 година не беа организирани дополнителни настани за информирање на постоечките и потенцијални инвеститори за работењето на друштвото, но на барање на акционери беа организирани посебни состаноци на кои се разговараше за прашањата поврзани со акционерството и работењето на друштвото.

Прилепската пиварница со децении претставува синоним за квалитет по светски стандарди. Двоцифрен и навистина импресивен е бројот на добиени светски награди кои оваа компанија ги поседува во своите простории. Прилепска пиварница ад Прилеп континуирано врши и системско следење и обезбедување на стандардите за квалитет и безбедност на храна. Обезбедувањето на овие стандарди може да се потврди и преку успешно реализирани проверки од страна на реномираната сертификациона куќа SGS (валиден сертификат FSSC 22000 со важност 17 декември 2024) и американискиот институт AIB Интернатионал.

Друштото посветува силно внимание за безбедноста и здравјето при работа преку инвестирање во најсовремени и најбезбедни линии за производство, заштитна опрема и континуирана обука на вработените. Прилепска Пиварница на 28.04.2022 година беше избрана како најдобар правен субјект кој реално и стручно, допринел во сопствениот развој, инвестирајќи/имплеметирајќи добри практики во безбедни и здрави работни места за своите вработени и со тоа го освои првото место во Категорија 3-Б - Средни претпријатија (дејност со броевите 01–43 од НКД). Во 2022 година и беа доделени дури две завидни признанија од групацијата PepsiCo и тоа: „PEPSICO - 3PM Excellence Award 2021" - за одлични перформанси и соработка и уште попозната и попрестижна - „Caleb Bradham Quality Excellence Award 2021“.